# Утре
## почнува
## денеска!

**Наслов на оригиналот**
„Tommorow Begins Today“
by Alf Lohne

**Превод:**
Проф. Никола Тасевски

**Дизајн:**
Лазар Томовски

**Издава:**

АИК „Знаци на времето“
Скопје, ул. „Влае“, бр. 42

**За издавачот:**
Михајло Гурев

**Печати:**
„МАРИНГ“ - Скопје

www.znacinavremeto.mk

Алф Лоне

# Утре почнува денеска!

# СОДРЖИНА

Прв оддел

**УСПЕХОТ УТРЕ - ПОСЕБЕН НАПОР ДЕНЕСКА........... 11**

**КОН ЦЕЛТА** ............ *13*
Кога ти би бил господар............ 15
Создадете прилики............ 20
„Не“ може да биде и позитивно............ 24

**ИСТРАЈНОСТА СЕ ИСПЛАТУВА** ............ *27*
Кога треба да се копа подлабоко............ 33
Совладување на пречките............ 35

**ПО ОВОЈ ПАТ ВО ВИСОЧИНИТЕ** ............ *40*
Таа заработувала повеќе............ 43
Прв чекор кон врвот............ 47
Од скромни извори ............ 50
Софата убива............ 51

**ПОСЕБЕН ПОТТИК** ............ *55*
Нови идеи............ 60
Следи ги личните убедувања ............ 62
Помагајќи си еден на друг............ 66

Втор оддел

**СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ........................ 71**

**СООЧУВАЊЕ СО ЖИВОТНИТЕ ФРУСТРАЦИИ** ............ *72*

Повлекувањето не помага 74
Грижата е како клати-столче 77
Да се бориме со грижата 80
Страв од иднината 83
Пролетно средување 84

**НАЈДОБАР ЖИВОТ** *86*
Сила за потфат 88
Да живееме целосен живот 91
Пред нас се посветли денови 94

**НИКОЈ, ОСВЕН САМИТЕ ВИЕ, НЕ МОЖЕ ДА ВЕ ПОВРЕДИ** *97*
Да се кове својата среќа 98
Обидете се повторно 100
Ползата од критикувањето 102
Вклучување на грешките во „буџетот“ 105
Секогаш од почеток 106

**НАМАЛУВАЊЕ НА ЖИВОТНИОТ ТОВАР** *111*
Во семејството 113
Добри односи 115
Добро наместо зло 119

**МЛАДИТЕ И СТАРИТЕ** *121*
Зголемена затегнатост 123
Проблемот на постарите 125
Тие пред нас оделе по тој пат 128
Подобро од младоста 131
Федер и нишало 134



Трет оддел

**ПОВЕЌЕ ОД ЖИВОТОТ** 135

**КОГА СРЦЕТО Е ВО РЕД** *136*
Барајте ги вистинските вредности 139
Откријте ја вистинската радост 146

**СЕГА УЖИВАЈ ВО ОНА ШТО Е НАЈДОБРО** *148*
Современите прилики 150
Благодарно писмо 152
Нашите најблиски 153
Љубезноста во црквата 155
Во туѓи опинци 157
Сега е време 159

**ВЛОЖУВАЊЕ ШТО ЌЕ ДОНЕСЕ ГОЛЕМА ДОБИВКА** *161*
Окупиран со самиот себеси 163
Кога губат двете страни? 165
Погрешен број 168

Четврт оддел

**СРЕЌА ЗА ДВАЈЦА** 171

**ПОДГОТОВКА ЗА БРАК** *172*
И добро и зло 174
Физичката привлечност 176
Тест што открива многу 180
Религијата е важна 181
Повеќе од половина пат 184

**СЕКС ПРЕД БРАК** ... *186*
Проблем број еден на младите ... 188
Злоупотреба на слободата ... 190
Зошто да се чека? ... 193
Полусексот не може да задоволи ... 197
Двајцата партнери одговорни ... 199
Првпат ... 201

**ЛЕСНО ЖИВЕЕЊЕ** ... *203*
Среќа за двајца ... 206
Кога помалку ќе се покаже ... 210
Маленкости ... 212
Големи можности ... 215

**ПАТЕКАТА НА ВЕРАТА** ... *217*

Петти оддел

**НАЈВАЖНО** ... **222**
Недостиг на знаење ... 223
Восхитувачка живост ... 225
Инспирирана од Духот - сфатена
со помош на Духот ... 229
Книгата те познава ... 232

**КАКО ДО ВЕЧЕН ЖИВОТ?** ... *235*
Тој го видел Исуса ... 237
Исус во пророштвата ... 239
Исусовото влијание ... 241
Светиот Дух го расветлил неговиот ум ... 243
„Исусе, сети се за мене“ ... 246
Едноставен пат ... 249

**КАДЕ Е БОГ КОГА ЌЕ СЕ ПОЈАВИ ЗЛО?** ... *251*
Одговорите не се лесни ... 252
Болката не можеме да ја избегнеме ... 256
Што прави верата? ... 260

**СРЕДБА СО ЖИВИОТ ХРИСТОС** ... *262*
Исус одел со нив ... 265
Негово постојано присуство ... 269
Што значи неговото присуство ... 281
Рака што е секогаш сигурна ... 274

**КРАЈ НА ТРАГАЊЕТО** ... *277*
Кај кого ќе одиме? ... 279
Вечноста во нашите срца ... 283
Како сме го нашле патот? ... 284
Познавање на Христа ... 286

*Прв оддел*

# ***УСПЕХОТ УТРЕ***
## *- ПОСЕБЕН НАПОР ДЕНЕСКА*

1

# КОН ЦЕЛТА

„Сум видел многу уништени луѓе - не од светот, туку од самите себе.“

Цефри Вин ја дал оваа изјава во еден интервју. Како писател Вин поминал мошне тежок пат до успехот. Својот прв литерарен обид му го предал на оценка на писателот Сомерсет Мом. Откако го прочитал, прочуениот писател рекол: „Вашиот ракопис ветува. Дојдете на нашето селско игралиште да играте тенис со нас.“

Но кога Вин дошол, Мом го поздравил со овие зборови: „Вие не дојдовте само да играте тенис. Очекувам секое утро да напишете 1000 зборови. Точно во 12,30 сакам да почнам да го читам тоа што сте го напишале. Ако не е добро, нема да добиете ручек. Не постои и не одлучува

она што се вика инспирација. Само напорниот труд е она што вреди!“

Вин сторил сè што се барало од него и така научил една исклучително важна лекција која што ја насочила неговата идна кариера кон патот на успехот. Од тогаш секој ден во кој не би напишал најмалку 2000 зборови претпладне го сметал за загубен. Станал мошне плоден писател чиишто многубројни прилози, објавени во весниците, и 25 одлични книги, сведочат за неговата неуништлива трудољубивост. Две негови книги се вбројуваат во бестселерите што читателите ги купиле во повеќе од 500.000 примероци.

Пред извесно време прочитав прилог од перото на еден интересен човек кој 25 години ги учел луѓето успешно да продаваат книги од куќа во куќа. Стекнал многу интересни искуства приготвувајќи ги луѓето за овој вид работа. Често, по разговорот со некој иден трговец, си помислувал во себе: „Овој човек ќе стане извонреден трговец. Сè со што располага придонесува за неговиот успех - има убава надворешност, убави квалификации и знае убаво да се изразува.“ Но многупати ваквите луѓе ги изневериле неговите очекувања. Зошто? Не знаеле да господарат со своите желби и чувства.



Доживувал и наполно спротивни искуства. Човек кој практично немал никакви способности што би го издигнале како добар трговец и на кого му советувал да најде некоја друга работа, би постигнал голем успех. Писателот на прилогот својот заклучок го вообличил вака: „Потпирајќи се врз моето дваесетпетгодишно искуство во оваа работа, сфатив дека не е можно да се одреди кој ќе биде, а кој нема да биде успешен. Сето тоа зависи од личните способности на човекот кој може да биде сопствен господар.“

## *Кога ти би бил господар*

На ѕидот во приемното одделение на една голема фабрика бил поставен интересен натпис кој гласел вака: „Кога ти би бил сопственик и кога би дошол овде

да работиш, дали би се вработил самиот себеси?“

Идејата за тоа да бидеш самиот себеси господар не е толку непозната и нова како што се чини. Отприлика пред 3000 години царот Соломон, прочуен по својата мудрост, го напишал истиот заклучок и така го сочувал од заборав: „Долготрпеливиот е подобар од храбриот, и кој владее со себеси, подобар е од оној што ќе заземе град“ (Соломонови изреки 16,32).

Патниците што патуваат по светот можат да забележат многубројни споменици подигнати во чест на луѓето кои нивните сонародници ги сметале за големи. Меѓу тие луѓе се наоѓаат познати војсководители - силни генерали и адмирали. Меѓутоа, во својата огромна мудрост Соломон истакнува дека самосовладувањето е подостојно за почит и претставува вистинска големина во однос на секоја друга победа. Мерено со големината на човечкото искуство, заземањето на еден град е знаменита победа. Според божествените мерила, да се има контрола над самиот себе - да се биде господар над



себеси - е многу поголемо достигање. Овие достигања не се наменети само за одбрани луѓе. Тие му стојат при рака на секого од нас. Секој самиот себеси си е најдобриот пријател - или непријател!

Една стара нордиска легенда раскажува за некој човек кој верувал дека го гони некое зло суштество кое се обидува да му го загорчи животот. Тоа страшно суштество му го разуранло покривот на куќата, му ги скршило прозорците и му ја уништило градината; му го убило добитокот и му ја расипало летнината.

Овој човек не можел повеќе да издржи па решил да се бори со чудовиштето. Почнала голема битка. Падналe на земја и се тркалале наоколу. Резултатот долго бил неизвесен. Најпосле, собирајќи ја сета сила, човекот го притиснал чудовиштето и цврсто го држел. Го извадил ножот да го убие - непријателот. Но, во тој миг ветерот ги разделил облаците и сјаен зрак на Месечевата светлина го осветлил лицето на чудовиштето. На човекот му застанал здивот. Лицето било негово!

## *Вистинска големина*

Пред многу години една учителка го замолила својот клас да напише состав со тема „Вистинска големина". Меѓу учениците се наоѓало и едно девојче од сиромашно и необразовано семејство. Учителката не очекувала од него некој исклучителен состав. Меѓутоа, она што го напишало девојчето толку длабоко влијаело врз неа, што решила овој напис да го прати во весниците. Предметот предизвикал невообичаен интерес. Весниците во целата земја го пренеле она што го напишало девојчето. Нејзиното име луѓето одамна го заборавиле и никој не си спомнува веќе за него. Но она што го напишало сѐ уште звучи вистинито. Еве еден извод:

„Човекот не може да постигне вистинска големина ако се мачи за неа. Можете да ја стекнете кога не ја барате. Убаво е да се има добра облека. Таа во голема мера ви олеснува пристојно да делувате, но знакот на вистинската големина постигната во вашиот живот ќе се покаже тогаш кога дејствувате така, иако облеката не е толку добра како што би требало да биде. Родителите



на мојата мајка, додека уште била девојче, имале птичка што ја викале Бил. Еден ден птичката ја скршила ногата. Сметале дека треба да ја убијат. Но следното утро ја нашле како пее потпрена на својата неповредена нога. Тоа е вистинска големина.

Една жена ја испрала облеката во која имало многу големи парчиња и ја закачила на јаже. Јажето се скинало и алиштата паднале и се извалкале. Но таа не изговорила ниту еден збор. Повторно ја испрала, но овојпат облеката ја распрострела на тревата за да не падне пак на валкана земја. Таа ноќ некое куче со валкани нозе претрчало преку неа. Кога видела што се случило, седнала и си кажала: ‚Зар не е смешно што кучето ништо не заобиколило?' Тоа е вистинска големина! Но неа можат да ја препознаат само оние што переле вакква голема облека."

Самосовладувањето има мошне значајно место во животот. Тоа е вредност што создава разлика меѓу водачот и оној што ѝ се препушта на стихијата. Водач е секој човек што може да господари со себеси. Она што го напишал Соломон за господарењето над самиот себе сѐ уште важи и секогаш ќе важи.

## *Создадете прилики*

Отворајќи ја свеченоста со која е одбележана 25-тата годишнина на своето претпријатие, еден од најуспешните деловни луѓе рекол: „На сите млади луѓе што поставиле високи цели во животот би им го препорачал ова: Размислете за тоа каков темел сакате да поставите во својот живот. Своите планови направете ги сообразно со тоа сознание и трудољубиво и решително работете. Имајте вера во иднината, но немојте да седите и да ги чекате приликите - самите создадете ги!“

Таквиот став ја подига вредноста на животот што вреди да се живее. Самата желба за поубаво утре претставува едно од големите животни задоволства. Тоа можеби е поважно отколку да се постигне поставената цел.

Еднаш во авионот што леташе од Осло кон Лондон разговарав за ова со мојот сопатник од Шведска. Во разговорот тој изрецитира еден стих на познатата шведска поетеса Карин Буие кој беше толку



силно искажан, што морав да го запишам:

„Секако, во животот постои намера и цел, но патот е достоен за борба.“

Послушајте ги само постарите додека ги раскажуваат своите животни искуства. Можеби биле успешни луѓе кои заземале високи положби, имале силно влијание, многу власт и големи примања. Меѓутоа, тие за тоа не сакаат да раскажуваат. Годините во кои ги постигнувале своите најголеми успеси кога биле на врвот на својата слава не заземаат видно место во нивното сеќавање. Она за што тие сакаат да раскажуваат се борбите што ги воделе во текот на годините на своето издигнување; годините на совладувањето на пречките биле најдобри години на нивниот живот. „Самиот пат е достоен за борба.“

Нашите најдобри години не се секогаш во далечна иднина. Кога ќе ги постигнеме целите, многу борби ќе бидат завршени. Времето полно со предизвици за нас е сега - сега додека нашите најсветли соништа уште не се остварени.

Не е погрешно да се сонува за иднината. Речиси сè со што се фали нашата цивилизација е остварено благодарение на некого што се осмелил да сонува, да мисли и да работи. Секое модерно откритие најпрво било идеја во умот на некој човек. За Хенри Форд се раскажува дека главата му била полна со тркала. Не поминало многу време, а неговите тркала почнале да се тркалаат низ цел свет!

Еден ден Џон Д. Рокфелер ненајавен влегол во една од своите канцеларии и го изненадил книговодителот кој седел наведнат над своите книги. „Ставете ги нозете на масата!“ - му заповедал Рокфелер, „потпрете се на столицата и почнете да сонувате.“

Изненаден од таа наредба што потекнала од неговиот работодател, книговодителот никако не можел да ја сфати таа мисла. Но, кога Рокфелер ја повторил наредбата, книговодителот претпазливо ги ставил нозете на маса, се потпрел на столицата и учтиво прашал: „За што сакате да сонувам?“



Рокфелер кратко и јасно одговорил: „Сонувајте за тоа како ќе заработите пари за Стандард Оил Компанијата. Од сега тоа е Ваша должност!“

Мислите на Рокфелер биле насочени кон парите и моќта. Меѓутоа, постојат многу повозвишени вредности за кои навистина треба да се сонува. Постојат уште многу поголеми задачи што треба да се извршат во овој свет. При закопот на својот брат, сенаторот Едвард Кенеди цитирал една изјава на Џон Ф. Кенеди што ја изрекол неколку месеци пред својата смрт: „Некои луѓе работите ги гледаат онака какви што сè и се прашуваат зошто? Јас сонувам за работи што никогаш не постоеле и велам: Зошто не?“

Во својата позната книга „Сонот на младите“, Хју Блек пишува: „Кажи ми ги своите соништа и јас ќе ја прочитам загатката на твојот живот. Кажи ми ги своите молитви и јас ќе ти кажам што си добил. Кажи ми што бараш и ќе ти кажам што си. Не сакам да знам што поседуваш туку само твоите желби. Не сакам да знам шо имаш - задржи го тоа - туку што

немаш и што сакаш да имаш. Не твоите достигања, туку што уште не си постигнал и што ќе уследи по тоа. Она што доаѓа во визиите дење и во соништата ноќе, идеалот што си го поставил пред себе, вредностите што ги одобруваш како извонредни, она за што копнееш и на што си се предал со цело срце - тоа се мерила за човекот.“

Сè што гледаме ни приближно не е толку важно како она што не го гледаме - волјата, храброста и карактерот.

## „Не“ може да биде и позитивно

Во текот на еден од првите денови на новата работа, на едно момче, ученик, работодателот му понудил голема чаша пиво. „Не, ви благодарам“, одговорило момчето. Овој одмерен одговор го налутил работодателот. Веднаш налутено извикнал: „Ние овде немаме никакви трезвеници.“

„Сè додека сум јас овде, ќе биде еден“, одговорил ученикот.



И понатаму мошне лут, работодателот се заканувал: „Слушај, момче, внатре или надвор, ти ќе го испиеш ова пиво!“

„Добро“, одговорило момчето, „можете да постапите како што сакате. Денеска јас дојдов со чиста облека и со чист карактер. Вие можете да ми ја упропастите облеката, ако сакате, но не можете да ми го извалкате карактерот.“

Постоењето на висока цел во личниот живот и придржувањето кон одредени мерила може да го измени секој човек. Но дали е тоа она што најмногу вреди?

Во Осло постои споменик што станал прочуен поради тоа што на него е врежан само еден единствен збор: НЕ! Овој натпис, иако составен од еден збор, ја чува историјата на еден од најголемите херои на Норвешка од времето на Втората светска војна, Лерис Сандо. Окупаторските војници го заробиле и го обвиниле за врска со Движењето на отпорот. Го затвориле, сурово го сослушувале и го мачеле. Но на сите нивни прашања единствен негов одговор бил НЕ! На крај умрел од последиците на свирепото мачење. Ништо не

можело да ги натера да ги открие тајните и со тоа на другите да им ја одземе слободата или животот.

Иако НЕ го сметаме за негативен одговор, тоа може да има позитивно значење. За нашиот јунак неговото НЕ било израз на неговата доверба во она што е праведно и вистинито, на неговата љубов кон својот народ и земја, на неговата верност кон идеалите.

Позитивниот став кон животот, кон она што издигнува и изградува, не се гледа само во зборот ДА. Слично значење добива и зборот НЕ кога со него го одбиваме она што урива и уништува.

„Успехот е дете на храброста“, рекол Дизраели. Човекот што ја прифаќа својата цел, мора да покаже многу храброст кога носи одлуки, кога зазема ставови, па дури и кога презема ризик ако тоа го бараат околностите. Оној што не прифаќа ризик не добива ништо!



*2.*

# ИСТРАЈНОСТА СЕ ИСПЛАТУВА

За време на кризата триесетите години од минатиот век еден невработен политички карикатурист, барајќи работа, ѝ се обратил на редакцијата на еден познат лист. Бргу го известиле дека на листот не му е потребен карикатурист. Меѓутоа, тој не дозволил негативниот одговор да го обесхрабри, туку истиот го прифатил како предизвик, како поттик да вложи поголеми творечки напори. Седнал, нацртал карикатура и ѝ ја пратил на редакцијата на листот.

Секоја седмица цртал и на истата редакција ѝ праќал по една нова карикатура. По педесет и две седмици и педесет и две карикатури, од листот немало уште

никаков одговор. Морал да признае дека неговата храброст почнала да се намалува. Меѓутоа, сепак, одбил да се предаде.

Новата карикатура прикажувала висока зграда без прозорци и врати на првиот кат. Еден човек очајно трчал околу зградата викајќи: „Сигурно постои некој пат што води внатре!“ Овојпат редакцијата му пратила телеграма: „Дојдете, станавте наш член. Ние се предадовме!“

Начелото на истрајноста е исто толку старо колку и самата мудрост. Во најголемата Книга што кога и да е им е дадена на луѓето, најголемиот Учител на сите времиња изнел слична споредба. Апостол Лука вака ја пренел таа Исусова споредба:

„Во еден град имаше судија, кој од Бога не се плашеше, ниту од луѓето се срамуваше. Во истиот град живееше една вдовица која доаѓаше кај него, велејќи: ‘Заштити ме од мојот противник!’ Но тој за долго време нејќеше. Најпосле си рече во себе: ‘Иако од Бога не се бојам и од луѓето не се срамувам, но, бидејќи оваа вдовица не ми дава мир, ќе ја заштитам,



за да не доаѓа веќе и да не ми додева’“ (Лука 18,2-5).

Големиот Учител ја употребил оваа илустрација со желба да ги охрабри своите ученици да истраат во молитвата и никогаш да не ја напуштат борбата за возвишени цели. Секојдневниот живот бара извесна истрајност дури и од страна на оние што сакаат да поминат по полесни животни патишта и бргу да ја постигнат својата цел. Истрајноста претставува важно начело што треба постојано да се негува.

Зборувајќи им на бруцошите, ректорот на еден универзитет им упатил ваков совет: „Денеска не е лесно да се биде млад, но никогаш тоа и не било лесно. Опасно е да им се даваат совети на младите, но сепак, ако би се осмелил да го сторам тоа, мојот прв совет гласи вака: Имајте доверба во себе и бидете верни кон она што е најдобро во вашата личност. Имајте на ум дека вашиот успех во животот зависи само од самите вас. Другите можат да ви помогнат, но вие сте најважниот фактор во својот живот.“

„Сакам да ја нагласам оваа важна вистина за здравата самоувереност и истрајност. Ова го истакнувам затоа што не верувам дека во секојдневните разговори многу се зборува за самоувереноста и за храброста на младите луѓе. Кога ќе се соочите со нешто што е ново и непознато, природно е да доживеете чувство на несигурност и неизвесност. Тогаш веројатно се прашувате: Дали ќе можам да ги исполнам очекувањата и барањата што се поставуваат пред мене како пред возрасно лице?

Во ова сакам да имам доверба во вас. Кога ќе ги погледнам оние што успеале во животот, оние што постигнале највисоки положби и уживаат во успехот, забележувам дека повеќето од нив не оставаат впечаток на исклучително интелегентни или надарени луѓе. Младите често немаат добри заклучоци во овој поглед. Меѓутоа, вистината е поинаква - овие успешни луѓе се надарени со способност трудољубиво и истрајно да работат врз остварувањето на задачите што си ги поставиле себеси.“



Ова е животен факт што охрабрува. Способностите и талентите не се единствени решавачки фактори во напорите и желбата да се постигне успех. Човекот кој располага со „обични“ дарби, но е подготвен трудољубиво да работи, ќе стигне многу подалеку од талентираниот, но кој својата надареност не ја користи потполно. Мошне често се случува надарениот човек да не ги искористи своите таленти од чиста мрзливост. Тој не е навикнат на напори и затоа се задоволува со она што може лесно да го добие.

Еден старец, кој му се обрати на нашиот клас во времето додека уште одев на училиште, остави врз мене силен впечаток. Мошне живо ни ја раскажа басната за полжавот и зајакот. Со мимика успешно ја прикажа супериорната положба на зајакот, правејќи два долги скока напред и гледајќи го со презир полжавот што му предложил да се наттрчуваат.

Вешто имитирајќи го зајакот, ни ја покажа неговата гордост и самоувереност